**Известување за концентрација со која КОНЧАР – Електроиндустрија д.д., Република Хрватска, и СИЕМЕНС ЕНЕРЏИ ХОЛДИНГ Б.В. Холандија, имаат намера да соработуваат реку воспоставување на заедничко вложување преку друштвото КОНЧАР – Трансформаторски котлови д.о.о. , Република Хрватска**

**(предмет бр. 08-111/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 15.08.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која КОНЧАР – Електроиндустрија д.д. за производство и услуги со регистрирано седиште на Фалерово Шеталиште 22а, Загреб, Република Хрватска, и СИЕМЕНС ЕНЕРЏИ ХОЛДИНГ Б.В. со регистрирано седиште на Штатхоудерслан 900, 2382 БЛ Зоетервоуде, "), имаат намера да соработуваат во производство на резервоари за енергетски трансформатори преку воспоставување на заедничко вложување преку друштвото КОНЧАР – Трансформаторски котлови д.о.о. за производство, со седиште на ул. Иве Политеа 64, Сесвете, Загреб, Република Хрватска.

Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:

КОНЧАР – Трансформаторски котлови д.о.о. е владејачко друштво на Кончар Групацијата.

Кончар Групацијата е активна во енергетскиот сектор, и работи во 4 деловни области: производство на електрична енергија, пренос и дистрибуција на електрична енергија, железнички решенија и инфраструктура и дигитални решенија и платформи.

Во Северна Македонија, Кончар Групацијата, има три регистрирани подружници:

- КОНЧАР ЕЛЕКТРОИНДУСТРИЈА ЗА ПРОИЗВОДСТВО И УСЛУГИ АД – Подружница Македонија, со регистрирано седиште на ул. Борис Трајковски бр.1/1-8, Скопје, Кисела Вода, Северна Македонија, и со регистрираната дејност други градежно-инсталатерски работи.
- КОНЧАР - АПАРАТИ И ПОСТРОЈКИ ДОО за производство Загреб Република Хрватска – Подружница КОНЧАР – АПАРАТИ И ПОСТРОЈКИ - Скопје, со регистрирано седиште на ул. 11-ти Октомври бр.18/мезанин-2/1, Скопје, Центар, Северна Македонија и со регистрираната дејност производство на апарати за дистрибуција и контрола на електричната енергија .
- ДАЛЕКОВОД Акционерско друштво за инжењеринг, производство и градење Загреб, Подружница ДАЛЕКОВОД Скопје, со регистрирано седиште на ул. Никола Парапунов бр.41/објект 5-бр.22, Скопје Карпош, Северна Македонија, и со регистрираната дејност производство на метални конструкции и делови на конструкции .

СИЕМЕНС ЕНЕРЏИ ХОЛДИНГ Б.В. работи како дел од Сиеменс Енерџи Групацијата (Siemens Energy Group).

Сиеменс Енерџи Групацијата има седиште во Германија и работи во четири главни деловни области: услуги за гас, мрежни технологии, трансформација на индустријата и Сиеменс Гамеса

обновлива енергија (Siemens Gamesa Renewable Energy).

Во Северна Македонија, СИЕМЕНС ЕНЕРЏИ ХОЛДИНГ Б.В**.**, има една регистрирана подружница: СИЕМЕНС ГАМЕСА РЕЊУВАБЛ ЕНЕРЏИ ГМБХ Виена Австрија – Подружница Скопје, со регистрирано седиште на ул. Св. Кирил и Методиј бр.48 Градски/ѕид-блок 5, Скопје – Центар, Северна Македонија, и регистрирана дејност на СИЕМЕНС ЕНЕРЏИ Подружница Скопје е изградба на електрични водови и телекомуникациски линии.

Според подносителите на известувањето релевантниот пазар на производи може да се дефинира како пазар за производство и продажба на резервоари за трансформатори.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

**20.08.2024 година**
**Скопје**